РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2367/2

10-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 51-та седница, одржано на ден 01.09.2021 година донесе

## Одлука

Пријавата со број 12 - 2367/1 од 01.07.2021 година, доставена од страна на подносителот ----------------- од --------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за постапување во предметот со број 12-2367 од 2021 година, оформен по пријавата бр. 12 - 2367/1 од 01.07.2021 година.

Предметот со број 12-2367 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2367 од 2021 година е оформен по пријава бр. 12 - 2367/1 од 01.07.2021 година година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познат подносител - --------------- од ------------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незадоволство при постапувањето во конкретен предмет при Основен граѓански суд Скопје од 2016 година, по кој предметен судија бил ---------------------, а поради не носење на пресуда по тужбено барање по кој бил оформен судскиот предмет. Подносителот на пријавата се сомнева дека некој вршел притсок на наведеното лице за да се одбие тужбеното барање па поради тиа не била изготвена пресудата иако поминал подолг временски период од заклучената судска расправа.

При разгледувањето на доставената пријава и доставената документација, ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни

органи, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК